РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 10-1636/2
19. 08 2024 ГОД
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Здружение за истражување и анализи ЗМАИ, ул. Железничка бр.2-7, 1000 Скопје со број 10-1636/1 од 13.08.2024 година, Градоначалникот на Општина Ресен го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од ЗМАИ, заверено под број 10-1636/1 од 13.08.2024 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен. **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата ЗМАИ, преку пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 13.08.2024 година заверено под број 10-1636/1 со кое побара преку е-маил да му биде доставено електронски запис од следната информација: дали буџетот на општината за 2023 година содржел програма за финансирање на маргинализирана група; дали општината има воспоставено комисија за еднакви можности на мажите и жените; дали општината има родово одговорни индикатори во буџетските програми за 2023 година; дали општината објавила извештај за реализација на средствата планирани во тековната и постојана резерва на буџетот за 2023 година, односно ги објавила намените за кои се реализираа овие средства; Дали според завршната сметка за 2023 година, општината ги реализирала програмите за финансирање на маргинализираните групи; дали општината ги објавила проектите во 2023 година за надминување родовите разлики.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве известува дека: буџетот за 2023 година не содржи програма за финансирање на маргинализирани групи; Општина Ресен има комисија за еднакви можности на мажите и жените и истиот е објавен на "Службен Гласник" бр.13/2021 година во линкот:
https://resen.gov.mk/wpcontent/uploads/2021/12/%D0%A1%D0%BB%D1%83%D0%B6%D0%B1%D0%B5%D0%BD-%D0%93%D0%BB%D0%B0%D1%81%D0%BD%D0%B8%D0%BA-%D0%B1%D1%80.132021.pdf, додека надлежностите на Комисијата се утврдени во Статусот на Општина Ресен –линк Статут-на-општина-Ресен.pdf (resen.gov.mk) ; Општина Ресен нема родово одговорни индикатори во буџетските програми за 2023 година; Извештајот за реализација на средствата планирани во тековната и постојаната резерва на буџетот за 2023 година е составен дел на Образложението на Буџетот за 2023 година, Ви го доставуваме Образложението во прилог; Нема реализација бидејќи Буџетот на Општина ресен не содржи програма за финансирање на маргинализирани групи; Нема проекти коие се однесуваат на родовите разлики во 2023 година.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна

Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**